# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.47 од 08.04.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за туристичка дејност („Службен весник на Република Македонија" број 62/2004, 89/2008, 12/2009 и 17/11), членот 7-а се менува и гласи:
"Во постапката за инспекциски надзор се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор и Законот за Државен пазарен инспекторат, доколку со овој закон поинаку не е уредено."

**Член 2**

Во членот 65 ставот 2 се менува и гласи:
"Против решението на државниот пазарен инспектор може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за жалби формирана согласно со Законот за Државен пазарен инспекторат."
По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:
"Против решението на овластениот инспектор на општината, односно градот Скопје може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до комисијата за жалби, составена од три члена, формирана од страна на градоначалникот на општината, односно градот Скопје, при што претседателот на Комисијата треба да биде од редот на раководните државни службеници, кој нема да биде вклучен во вршењето на инспекцискиот надзор."
Ставот 3 станува став 4.

**Член 3**

Членот 68 став 1 во воведната реченица износот "1.000" се заменува со износот "800".
Во ставот 2 износот "200" се заменуваат со износот "100".
Во ставот 3 износот "300" се заменуваат со износот "200".

**Член 4**

По членот 68 се додава нов член 68-а, кој гласи:

**„Член 68-а**

Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, за дејствијата од членот 68 став 1 на овој закон.
Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му изрече и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од членот 68 став 1 на овој закон.
Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговецот поединец за дејствијата од членот 68 став 1 на овој закон.
Глобата од ставовите 1, 2 и 3 на овој член се плаќа во случаите кога сторителот на прекршокот на кого му е дадена покана за плаќање на глобата на самото место, во рок од осум дена не ја плати изречената глоба од членот 68 на овој закон."

**Член 5**

Прекршочна постапка по прекршоците предвидени во овој закон не може да се поведе, ниту да се води, ако поминат 18 месеци од денот кога е сторен прекршокот.

**Член 6**

Одредбите од членовите 1 и 2 на овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената со Законот за инспекцискиот надзор.

**Член 7**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за туристичка дејност.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".